Утрински Весник

Број 2962 вторник, 14 април 2009



Култура

SHARE

# Работам како што ме води емоцијата



Фотографката **Ивана Тасев** презентира фотографии од своето „кружно“ патување во Мексико

**Катерина Богоева**

„Мексико - мал исечок од времето“ е насловот на самостојната фотоизложба на новинарката и фотографка Ивана Тасев, што вечерва во 20 часот ќе биде отворена во Мултимедијалниот центар „Мала станица“. Куратор е Мира Гаќина, а своја куса приказна за фотографиите напиша и писателот Гоце Смилевски. Од 21 часот, во истиот простор на Националната галерија, публиката ќе има можност да се вклучи и во предвидената забава со дицеј Нино Наумов од ПМГ.

За 39-те фотографии, нејзина артистичка меморија за Мексико, чија подреденост ќе ја води публиката, Ивана Тасев говори како за „кружна“ приказна, потсетувајќи дека „кругот е секогаш тркалезен, без почеток и крај“. „Како што беше и моето патување низ речиси цело Мексико, кружно. Мексико низ фотографии не е калеидоскопски и колоритен туристички водич, уште помалку новинарски патепис или репортажа. Мексико се' повеќе црно-бели фрагменти од најпрозрачниот крај, дотолку ситни што и не говорат ништо за Мексико, од географски ракурс, да речеме.

Мексико се 'пречвркнати' контрасти, отпечатоци, сенки, силуети, одрази во вода, дрвја полни тишина... има многу молк во фотографиите, делумно и празнотија, неприсутност. Мојата фотографска емоција, како созрева, така, повеќе ненамерно и несвесно, отколку плански и искалкулирано, се обидува да зачекори по патеката на некоја си возвишена едноставност, враќање кон природното, кон суштественото. Онаа за која Чехов, многу често меѓу редови пишуваше. Или пак онаа за која Дејвид Силвијан пее. Следбеник сум... или можеби подобро, покорно сум поклоник на таква емоција. Не сакам претенциозност и мегаломанија во фотографијата, па ни во животот. Не сакам 'нафурана' амбициозност, која те прави како фотограф арогантно суетен и популарен...“

Таа ја издвојува прозрачноста на воздухот во Мексико како специфика при фотографирањето на ова нејзино

Најди! во Утрински

Култура

» Во Скопје во април четири филма на македонски автори

» Државната опера и балет од Истанбул гостува на „Танц-фест“

» Проектот „Кич, да?!“ стартува од Охрид

Прашај го „Утрински“
Одговара: уредничката на Скопска
Билјана Ангеловска

Најчитани 10 во 10 дена

ГЛОБУС ON-LINE

Banking Секогаш и секаде, сигурно пред сè!

МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

nextsense WebBuilder
Почни со „Утрински“
XML
sitemeter

патување. „Воздухот во буквална смисла на зборот е најпрозрачен, од сите останати земји во светот, а за тоа пишувал и Фуентес во своето дело посветено на ова земја, 'Најпрозрачниот крај'", вели Тасев.

Преку користење на кубистички пристап во презентација на фотографиите, изложбата на публиката треба да и понуди поинаква димензија во восприемање на уметничката фотографија. „Искрено, првичната идеја ми беше целата изложба да биде во тој кубистички или колажен манир, фрагментарни дела кои градат целина, поставени на огромни паспартуа, залапени на форекси. Ама некои од фотографиите некако ги гледав како едно, како целина, и така и сакав да ги прикажам, а на некои ми дојде да им го растурам јадрото, да ги секцирам. И така и направив. Прекршувањето на формата некако ми даде една подлабока димензија... мислам да не филозофирам многу, ама ептен ми беше интересно да ги редам парченцата и по цели денови со мајка ми, која вешто ми помагаше и ми ја дополнуваше креативноста, да сецкаме, да лепиме, да редиме, да предредуваме, па пауза за вести, па пауза за ручек, па пауза за 'Фејсбук', па пауза на телефон... Како игротека изгледаше мојот дома два месеца".



Фотографката смета дека паралелно со годините што минуваат, допингот на зрелост и нивото на свесност се тие што и даваат шанса да разбере дека се повеќе треба да се потпира на својата интуиција, а се помалку на разумот, кој кога го слуша, вели дека често греши. „Колку повеќе станувам свесна за мојата изразена интуиција и осезателност, за талентот да препознавам и видам некои работи однапред, сфаќам дека треба повеќе да и се препуштам неа, отколку на разумот", одговара Тасев, на поставеното прашање, колку судирот со нов простор и делува збунувачки кога фотографира, и со што, најпрвин реагира. „Другарка ми Сандра, понекогаш знае да ми каже: „Их, бре Ива, вештерка си значи! (што во превод значи, вешта - жена, затоа и ги палеле на клада...") Така и во фотографијата...

Во моите почетоци се чувствував виновна што ништо не читам за техниките во фотографијата, што немам херои од светските фотографи, што не ја следам курентната фотографска сцена, што немам потреба со другите фотографи да си ги мериме фотоапаратите на кого му е поголем, што уште помалку имам потреба со нив да зборувам за фотографијата, што не правам стратегии и планови кога фотографирам... Ама, денес сфаќам, дека јас така подобро функционирам, кога работам на принцип на емоција, на инстинкт, на интуитивност, дека така правам подобри и поискрени дела, кога извираат од мене самата, кога не се оптоварувам со „лелеле дали сум мал или голем аматер", „дали сега требаше да направам корекција на бленда или да пуштам колку што ми покажува

 

камерата", "леле дали е ова сељачки кадар или фенси"... Работам како што ме води емоцијата и како што ми сервира срцево. И толку. Кога ќе видам низ објективот убавина што ми го растреперува прстот пред да чкрапнам и кога ќе почнам да си мумлам во себе, несвесно и кога ќе промрморам, 'ајјј', е тоа е тоа".

Фотографската кариера на Ивана Тасев во изминатава скоро една деценија, и тече паралелно со новинарската. „Се прелеваат една во друга. Таму каде завршувам со зборот, продолжувам со сликата, таму каде зборот е тесен да изрази некои деликатни емоции, мојата фотографија го дообјаснува. Кога сакам да ја покажам фрагилноста, сензуалноста, невиноста, продуховеноста, грдотијата во крајна линија... кај некој човек, а не умеам некако да ја спакувам во збор, јас ја фотографирам. Кога сакам на љубениот да му покажам колку го љубам и како лично го доживувам, го портретирам..."

Статијата е прочитана 114 пати.

Испрати коментар

htt@ol




АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

TeleKabel

ул.Димитрие Чупоски бр.11/5. 1000 Скопје тел 3236 900; факс 3236901 e-mail: contact@utrinski.com.mk